Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1367/3
28.11.2007 год.
Скопје

# *Р Е Ф Е Р А Т*

## *ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА СЛЕДНИВЕ НАУЧНИ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ХУМАНА БЕЗБЕДНОСТ, КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ, ЦИВИЛНА ОДБРАНА, ДИПЛОМАТИЈА И ДЕФЕНДОЛОГИЈА*

На својата XVI редовна седница одржана на 14.11.2007 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје нè избра за рецензенти за избор на наставник (во сите звања) за следниве научни области (дисциплини): хумана безбедност, кризен менаџмент, цивилна одбрана, дипломатија и дефендологија.

На конкурсот објавен на 31.10.2007 година во весникот "Утрински весник", се јави кандидатката, д-р Марина Митревска, вонреден професор на Институтот за одбранбени и мировни студии при Филозофскиот факултет во Скопје. По прегледот на приложените документи и анализата на научните и стручните трудови на кандидатката, во согласност со изборната постапка, чест ни е да го поднесеме следниов:

# *И З В Е Ш Т А Ј*

***Биографски податоци:***

Д-р Марина Митревска е родена на 26. VIII 1963 година. Основното и средното образование ги завршила во Куманово.

На Филозофскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1982/83 година на Групата за одбрана, а дипломирала на 19.01.1987 година.

Во учебната 1989/1990 година се запишала на постдипломски студии на Институтот за одбрана при Филозофскиот факултет во Скопје, кои ги завршила во предвидениот рок, со одличен успех. Магистерскиот труд е одбранет во 1993 година на Филозофскиот факултет во Скопје. Со академски степен - доктор на науки- кандидатката се здобила со одбраната на докторската дисертација "Меѓународниот статус на цивилната одбрана како детерминанта на организациско-функционалната компатибилност на системот на одбраната на Република Македонија", на Филозофскиот факултет во Скопје на 4.03.1998 година.

Својата професионална кариера д-р Марина Митревска ја започнала како приправник во Печатницата "Просвета" во Куманово, каде што работела во периодот од 1987 до 1988 година. Во мај 1988 година се вработила како помлад асистент на Филозофскиот факултет во Скопје,

каде што работи и денес како вонреден професор по предметите: хумана безбедност, кризен менаџмент, цивилна одбрана и дефендологија.

Кандидатката, проф.д-р Марина Митревска во периодот од 1988 до 1998 година ги изведувала вежбите по предметот Одбрана и заштита на Правниот и на Филолошкиот факултет, а од 1990 година и вежбите по предметот политички и економски систем во одбраната на Институтот за одбрана.

Во изминатиот период д-р Марина Митревска изведуваше настава на Институтот за одбранбени и мировни студии при Филозофскиот факултет, како и на Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевскиот факултет.

Денес, покрај вршењето на своите задачи како наставник, таа е ангажирана и на последипломски студии на Институтот за одбранбени и мировни студии, и тоа на насока одбрана, како раководител/координатор на предметот цивилна одбрана, на насока мир и развој како раководител на предметот невоени аспекти на безбедноста и хумана безбедност. Исто така, е ангажирана и на последипломски студии од областа на безбедноста, како координатор и член на комисии по неколку предмети.

Покрај интензивната ангажираност во наставата, проф.д-р Марина Митревска била член на комисиите за одбрана на докторски и магистерски студии.

Од 2001 до 2005 година проф.д-р Марина Митревска е избрана за заменик-раководител на Институтот за одбранбени и мировни студии и заменик-раководител на последипломски студии по мир и развој при Филозофскиот факултет во Скопје.

Во 2003 година д-р Марина Митревска е избрана за вонреден професор по предметите: Цивилна одбрана, Цивилна заштита и Дефендологија.

До моментот на избор д-р Марина Митревска е со наставно-научното звање вонреден професор на Институтот за одбранбени и мировни студии.

### *Научно-стручна дејност*

Кандидатката проф.д-р Марина Митревска учествува во научноистражувачки проекти и е автор на повеќе научни и стручни трудови, објавени по изборот за вонреден професор.

### *Учество во научноистражувачки проекти:*

1. ***"Мир преку образование за мир и превенција"***, Фондација Фридрих Еберт и Иницијатива за градење на мир и демократија, 2004-2005 година.
2. ***"Јакнењето на меѓуетничката комуникација и интеграција во постконфликтниот период", Сорос, Скопје 2003.***
3. ***"Евроатланските интеграции и улогата на Парламентот"***, Центар за евроатланските интеграции и демократија, 2007 година.(проект-координатор)

*Објавени книги:*

1. ***Цивилна одбрана,*** Македонска ризница, Скопје, 2004 година.
2. ***Кризен менаџмент*** , Македонска ризница, Куманово, 2005 година.

*Рецензирани статии и прилози во научни публикации:*

1. ***"Кризен менаџмент на ООН"***, Зборник на трудови на Филозофскиот факултет , Скопје, 2002 година, стр.179-191.
2. ***"Компаративните предности на системот кризен менаџмент"***, Современа македонска одбрана бр.7, Министерство за одбрана на Република Македонија, 2003.
3. ***"Толеранцијата треба да се негува"***, Културна деконтаминација, Сорос, Скопје, стр.31-36.
4. ***"Агенција за кризен менаџмент во Република Македонија: реална потреба"***, Македонија во НАТО, Министерство за одбрана, Скопје, 2003.
5. ***"Цивилната одбрана во Словенија"***, Зборник на трудови на Филозофскиот факултет, Скопје, 2003 година, стр.413-423.
6. ***"Стратегиска цел"***, Одбрана, јануари 2004 година.
7. ***"Словенечка визија за НАТО"***, Современа македонска одбрана, бр.9, Скопје, Министерство за одбрана на Република Македонија, 2003.
8. ***"Градење на мирот и човековата безбедност во пост-конфликтна Македонија"***, Фондација Фридрих Еберт, Скопје, 2004, стр.135-145.
9. ***"Концептот за хумана безбедност"***, Современа македонска одбрана бр.10, Министерство за одбрана, Скопје, стр.11-21, 2004.
10. ***"Реална безбедност"***, Одбрана, Министерство за одбрана, бр.99, стр.8-9, Скопје, 2004.
11. ***"Низ призмата на човековата безбедност"***, Одбрана бр.100, стр.8-10, Скопје, 2004.
12. ***"Концепт за хумана безбедност"***, Одбрана бр.101, Министерство за одбрана, Скопје, 2004.
13. ***"Хумана безбедност"***, Зборник на трудови, Филозофскиот факултет, Скопје, 2004 година, стр. 485-497.
14. ***"Macedonia towards the EU: Whether and How Much Prevention Matterc?"***, International Relations Review, Zagreb, 3 / 4 , 2005, коавторство со проф.д-р Лидија Георгиева
15. ***"Предизвиците на Р.Македонија на патот кон НАТО"***, Современа македонсака одбрана, Скопје, стр.69-75.
16. ***"Crisis Management:Necessity for a Stable and Secure Republic of Macedonia***, Macedonian affairs, , MIC, Vol. V, No.5, 2005.
17. ***"Градење на мир: предизвици и концепт на кризниот менаџмент во Република Македонија"***, Современа македонска одбрана, бр.11, 2005.
18. ***"Управување со кризи: состојби, потреби и имплементација"***, Зборник на трудови на Филозофскиот факултет, Скопје, 2005, 363-379.

19. ***"Кризен менаџмент во Република Македонија"***, списание "Управување со кризи" бр.1, Центар за управување со кризи на Република Македонија, Скопје, 2006, стр.11-23.
20. ***"Предизвиците на Р.Македонија на патот кон НАТО", "Перспективите на Р.Македонија на патот кон НАТО и ЕУ"***, Министерство за одбрана, Скопје, 2006.
21. ***"Може ли кризата да се управува"***, Зборник на трудови на Филозофскиот факултет, Скопје, 2006.
22. ***Managing Crises in the Republic of Macedonia:from idea to realization,*** Teorija in praksa, Druzbenoslovna revija , Ljubljana, Slovenija, 1-2, 2007.
23. ***"Инверзија на функционалниот императиве"***, Одбрана, бр.117.
24. ***"Парламентарна контрола и кризниот менаџмент",Center za evropsko prihodnost***, Ljubljana, Slovenija, 10. октомври 2007.

***Учество на научни собири, конференции и симпозиуми:***

1. ***"Partnership for Peace Consortium of Defense Academies and Security Studies Institutes, 6 th Annual Conference, Building a Strategic Community through Education and Research", Berlin***, 15-17 Јуне 2003.
2. ***"Security and Defence in South-Eastern Europe"***, Скопје, 17 март 2003.
3. ***"Arms Control in SEE Countries-an instrument to Foster security"***, Загреб, 23-25.02.2004.
4. ***Меѓународна конференција: "NATO, ESDP-OSCE:Synergy IN PROGRESS"***, George C.Marshall, European center for security studies, Берлин 15-16.03.2004.
5. ***"Military-Political Security Issues and Possibilities for Regional Cooperation in SEC"***, Загреб, 24-26.05.2004.
6. ***"Lessons learned from the establishment of border"***, Скопје, 24-26.2005.
7. ***"How to win the Peace:Challenges, Concepts and Capabilities of 21 st Centary Crisis Management"***, 06-08.04.2005, Берлин.
8. ***"Мир преку образование за мир и превенција",*** презентер со научен труд на тема***: "Управување со кризи: национални аспекти", 13-14 мај 2005.***
9. Регионална конференција ***"Македонија и регионот на пат кон ЕУ и НАТО-потреби, искуства и научени лекции", Скопје, 4-5 ноември, 2005***.
10. Научна конференција: "***Перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и кон ЕУ"***, презентер со научен труд на тема: "***Дијалектика на две трансформации"***, Скопје, 11.11.2005.
11. ***"Best Practice for Ooversight of IntelligenceAgencies"*** , презентер со научен труд на тема: "***Дилемите на реформата на безбедносниот сектор во Република Македонија: низ призма на системот за управување со кризи",*** Скопје, 07-08 март 2006.

12. ***"Превенција на локално ниво"***, презентер со научен труд на тема:" ***Превенција на локално ниво: можности за превенција, заштита и менаџирање со кризи"***, 2006.
13. ***"Security Sector Reform in South East Europe- from a Necessary Remedy to a Global Concept"***,05-08 October 2006, Cavtat, Croatia.
14. ***"Жените градат безбедност"***, 27-28 март 2006, Скопје, Собрание на Република Македонија.
15. ***"Регионална перспектива за превенција-стабилност, хумана безбедност и развој", Скопје, 10 ноември 2006.***
16. ***"Република Македонија помеѓу самитот во Рига и членството во НАТО,*** Скопје, 22.11.2006 .
17. ***"Crisis Management and Contter-terrorism in the Western Balkan"***, презентер со научен труд на тема***: Crisis Management of the Republic Macedonia,*** 20-21 април 2007,Ljubljana, Slovenija.
18. ***FORMEZ- Centro di Formazione Studi***, презентација со научен труд на тема:" ***Раководење со иштен случај",*** 17-09. 2007.
19. ***"Hrvatska i evropsko sigurnosno opkruzenje"***, презентација со научен труд на тема: "***Makedonski sigurnosni izazov"***, 27-30. септември 2007, Mali Losinj, Republika Hrvatska
20. ***"Евроатланските интеграции и улогата на парламентот", 15-16.10.2007, Скопје.***
21. Меѓународна научна конференција ***:" Глобализацијата, мирот и безбедноста"***, презентер со научен труд на тема***: "Република Македонија и глобализацијата:кризите како закана за регионалната безбедност и глобалната нерамнотежа"***, Скопје 18-19 октомври 2007.
22. ***"Евроатланските интеграции и улогата на парламентот"***, презентер со научен труд на тема: "***Парламентарна контрола*** и ***кризниот менаџмент"***, Скопје, 22-23 октомври 2007.

***Други ангажмани:***

Во изминатиот период д-р Марина Митревска била активен член и учесник во работата на повеќе стручни тела и комисии:

1. Член на Испитната комисија за полагање на приемниот испит по стручните предмети (одбрана и заштита) на Институтот за одбранбени и мировни студии.
2. Член на тимот за изработка на тест по предметот-одбрана и заштита за полагање на приемен испит на Институтот за одбранбени и мировни студии.
3. Член на Комисија за евалуација на Филозофскиот факултет..

4. Член на Комисија за изработка на Законот за управување со кризи, формирана од Министерството за одбрана на Република Македонија, 2005 година.
5. Член на Издавачки совет на списанието "Современа македонска одбрана", Министерство за одбрана на Република Македонија.
6. Член на Издавачки и Уредувачки совет на теориското списание "Управувањ со кризи" на Центарот за управување со кризи на Република Македонија, бр.1, 2006.

Од наведените податоци, јасно се гледа дека научноистражувачката и апликативната дејност на проф.д-р Марина Митревска во областа на безбедноста и одбраната е доста обемна. Имено, вредноста на нејзините научни пробиви е од непроценливо континуирано значење за научното фундирање на повеќе клучни научни дисциплини кои, покрај одбранбеното осамосттојување на Република Македонија, овозможија за прв пат во нашата историја изградба на сопствена одбранбена научна мисла. Оттука, новата научна мисла на проф.д-р Марина Митревска е фокусирана во сферата на системот цивилна одбрана и кризниот менаџмент, како и на концептот хумана безбедност. Го истакнуваме фактот дека проф.д-р Марина Митревска новата научна мисла во целост ја заснова врз нашите севкупни потреби, клучните специфики на нашето опкружување, но, исто така, и врз целосно почитување и имплементирање на современите светски искуства. Според тоа, нејзиниот примарен и доминантен интерес од изборот во доцент и вонреден професор и понатака е насочен кон целосно осмислување и солидно научно фундирање на научните области (дисциплини) цивилна одбрана, кризен менаџмент и хумана безбедност. Евидентно е дека досегашниот творечки опус, професионален интерес и фокусирање на проф.д-р Марина Митревска е насочен кон нејзината област. Нејзините објавени трудови се наменски обликувани и претставуваат сериозен чекор кон усовршување на носечките стратегиски компоненти на концептот на хуманата безбедност како значаен сегмент во безбедносната наука. Исто така, поголем дел од научните трудови наведени во горниот список претставуваат одлична основа за целосно научно детерминирање на современиот систем за цивилна одбрана и кризниот менаџмент на нашата држава.

Оттука, научниот придонес на проф.Митревска е импозантен и таа, оваа сфера во континуитет ја збогатува, ја продлабочува и континуирано ја усовршува следејќи ги новите тенденции, предизвици и барања што се поставуваат пред овие мошне суптилни системи. Несомнено, нејзините презентирани резултати и сознанија, како и нејзината севкупна досегашна ангажираност во оваа сфера и овозможија да направи значаен спој помеѓу теоријата и практиката, и тоа подеднакво во научните дисциплини цивилна одбрана, кризен менаџмент, хумана безбедност и дипломатијата, што пак, од друга страна, резултира со непрекинато усовршување и збогатување на нашиот безбедносен и одбранбен систем. Овие аспекти проф.д-р Марина Митревска ги има одлично елаборирано во трудовите ***"Компаративните предности на системот кризен менаџмент"***, ***"Агенција за кризен менаџмент во Република Македонија: реална потреба"***, ***"Цивилната одбрана во Словенија"*** и ***"Стратегиска цел"***.

Научните резултати на проф.д-р Марина Митревска во областа на цивилната одбрана беа повторно крунисани со нејзиното второ дополнето и изменето издание на книгата "***Цивилна одбрана***". Станува збор за

вреден и оригинален труд во којшто се презентирани современи теориски сознанија и релевантни емпириски податоци, со чијашто компаративна анализа авторот нуди оригинални и мошне значајни заклучоци и констатации кои се во функција на изградба на овој сегмент од одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија. Со оглед на тоа што во трудот мошне темелно, јасно и сеопфатно се анализирани пристапите во концепирањето на системот на цивилна одбрана, тој има особено значење и придонес во компатибилната насоченост во организациската инкорпорираност на системот на цивилна одбрана во одбранбено-заштитниот систем во Република Македонија.

Книгата ***"Кризен менаџмент"*** се однесува на теорискиот пристап на системот за кризен менаџмент. Имено, овој труд претставува извонредно значаен научен труд и придонес во развојот на механизмот за управување со кризи во Република Македонија. Тој е затемелен на обемен теориски материјал и научни принципи применливи во креирањето на системот за управување со кризи. Во трудот мошне солидно се елаборираат сите аспекти на фундаменталниот однос: анатомија на кризата и нејзиното влијание врз организациско-функционално поставување на системот за управување со кризи. За овој труд може да се констатира дека е особено научно-апликативен, бидејќи се потенцира потребата од управување со кризата, примарна на условите и потребите на Република Македонија. Научните решенија како да се менаџира кризата се засновуваат врз литературна сондажа, општо, и интуитивноста на авторот во насока на обезбедување негова соодветна инкорпорираност.

Трудот ***"Градење на мирот и човековата безбедност во постконфликтна Македонија"***, претставува оригинален научен труд, кој умешно ги корелира сознанијата за градење на мирот и улогата на концептот за хумана безбедност во постконфликтното градење на мирот во Република Македонија. Имено, основната категорија низ која се анализира улогата на хуманата безбедност е мирот. Презентираните сознанија во овој научен труд може да послужат како појдовна основа во градењето на мирот во постконфликтна Македонија, каде што освен политичко градење на мирот, треба да се има за цел да се унапреди и човековата безбедност. Тоа подразбира трансформирање на социјалната и на политичката средина во средини поволни за развој на социјалните, политичките и економските инфраструктури во полза на мирот, развојот и благосостојбата. Оттука, авторот сугерира дека е неопходно фокусот на постконфликтното градење на мирот во Македонија да се насочи кон трансформирање на структурите и односите кои придонесуваат за конфликт како услов за придвижување кон стабилен мир, развој и интеграција.

Трудот ***"Концептот за хумана безбедност"*** претставува теориска елаборација на концептот за хумана безбедност. Суштинската анализа на авторот покажа дека концептот на хумана безбедност не се однесува само на државите и нациите, туку на индивидуите. Според анализата, проф.Митревска заклучува дека традиционалната парадигма на теоријата на безбедноста се поместува, со тоа што се прифаќа хуманата безбедност, која го менува фокусот од традиционалната безбедност кон безбедноста на личноста, односно, безбедноста на поединецот во општеството. Она, што овој труд го потенцира е резултатот од истражувањето кое првенствено е насочено кон анализата на националната безбедност, а потоа на концептот на хуманата безбедност, кој препознава дека личната

заштита на поединецот и зачувувањето на неговиот интегритет не доаѓа првенствено од заштитата на државата како политичка единка, туку од пристапот кон личната благосостојба и квалитетот на животот.

Трудот ***"Управување со кризи: состојби, потреби и имплементација"*** претставува сериозен научен труд кој актуелизира бројни прашања од теориски и практичен аспект значајни за имплементацијата на системот за управување со кризи. Од тие причини проф.д-р Марина Митревска со својата теориска анализа, методолошко обликување, стил и пристап кон проблемот дава значаен придонес во расветлувањето на еден мошне сложен и актуелен проблем од нашата практика во имплементацијата на системот за кризен менаџмент. Аналитички елаборираните податоци, кои се хронолошки претставени во овој труд, овозможуваат да се согледаат состојбите и реалните потреби од градење на систем за управување со кризи. Притоа, особено внимание е посветено на потребата од организациска поставеност на системот за управување со кризи.

Трудот ***"Кризен менаџмент во Република Македонија: од идеја до имплементација"*** е посветен на повеќе значајни и актуелни проблеми кои се карактеристични за постконфликтна Македонија.Посебно се елаборирани предизвиците на Македонија и потребата од инаугурација на системот за управување со кризи. Во трудот се презентирани вредни и оригинални решенија за имплементирање на современи решенија во функционирањето на системот за управување со кризи.Теоретските основи и методолошкото обликување на севкупната анализа овој труд го прават оригинална и високостручна обликувана научна студија, која има посебно значење за развојот на системот за управување со кризи во Република Македонија.

## *Заклучок и предлог*

Врз основа на претходната анализа на нејзините научни трудови, објавени во периодот од последниот избор до денес, и врз основа на нејзината наставна дејност, единствено е мислењето на Комисијата дека вонреден професор д-р Марина Митревска е еден од ретките македонски автори, која во континуитет ги истражува и анализира системите цивилна одбрана и кризен менаџмент. Исто така, таа со својата теориска елаборација, со методолошко обликување и со аналитичкиот пристап кон концептот на хумана безбедност и превентивната дипломатија, дава значаен придонес во конципирањето на еден мошне сложен и актуелен сегмент во нашиот безбедносен систем. Нејзините објавени трудови се наменски обликувани и претставуваат сериозен научен чекор кон усовршување на посечките стратегиски компоненти на одбраната. Имено, нејзините трудови континуирано имаат оригинална идеја и решение и во нив мошне солидно се елаборираат сите аспекти на фундаменталниот однос и искуствено и прогностички, што пак, од друга страна, претставува нивоирање на статусот на системите на цивилната одбрана и кризен менаџмент. Оттука, сите трудови на проф.д-р Марина Митревска континуирано даваат обележје на оригинални и вредни прилози во

науката, а авторот и понатака го афирмираат како успешен научен работник.

Поради сето тоа, членовите на Комисијата со особено задоволство му препорачуваат на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, ***вон.проф.д-р Марина Митревска*** да ја избере во звањето редовен професор за следниве научни области (дисциплини) хумана безбедност, кризен менаџмент, цивилна одбрана, дипломатија и дефендологија.

*26.11.2007 год.*
***Скопје***

***Рецензентска комисија***

***Проф.д-р Трајан Гоцевски***

***Проф.д-р Зоран Нацев***

***Проф.д-р Билјана Ванковска***

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-1367/07
8.01 2008 год.
Скопје

Врз основа на член 75, 133, 141 и 142 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 931/170 од 30.XI 2007 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XVII редовна седница, одржана на 26.XII 2007 година, донесе

# О Д Л У К А
## за избор на наставник

I

**1. Д-р Марина Митревска**, вонреден професор по предметите: цивилна одбрана, цивилна заштита и дефендологија на Институтот за одбранбени и мировни студии на Филозофскиот факултет во Скопје, се и з б и р а во звањето **редовен професор** за научните области (дисциплини): хумана безбедност, кризен менаџмент, цивилна одбрана, дипломатија и дефендологија, за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

**2.** Со извршениот избор именуваната засновува работен однос за времето на кое е избрана, сметано од 27.XII 2007 година.

II

Со именуваната ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваната, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски